СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 07/23

Излегува по потреба 28.04.2023 год. (петок) бр. 07 година XXVII
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година

1. Се прогласува, Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.04.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

08-374/1 Општина Новаци
27.04.2023г. Градоначалник
Новаци Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 80 и 80а од Законот за градење (“Службен весник на РМ” бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 103/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020, 227/2022), член 18 ст.1 т. 1 и член 21 ст.1 т. 9 од Статутот на општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци бр.7/2019), Советот на Општина Новаци, на седницата одржана на 24.04.2023 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за поставување на урбана опрема на подрачјето на
Општина Новаци за 2023 година

- ***Вовед***

Во согласност со Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), („Сл.весник на РМ” бр.55/04), Закон за градење – пречистен текст(„Сл.весник на РМ” бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 103/2016, 132/2020 , 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020, 227/202216,), Закон за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ” бр. 199/14,44/15,193/15,31/16,163/16,64/18,168/18.), Закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ” бр. 82/08 и бр.56/10), Закон за комунални дејности („Сл.весник на РМ” бр.45/97, 23/99, 45/02, 16/04, 5/09), Закон за комунални такси („Сл.весник на РМ” бр.61/04), изработена е Програма за поставување урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци.

Согласно Законот за градење потребата за поставување на урбаната опрема ја утврдува Советот на општина Новаци.

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема, локалитетите на кои се поставуваат, начинот и условите за нивно поставување, дислоцирање и отстранување.

Оваа програма важи за 2023 година и со истата е опфатена урбаната опрема која се поставува на градежно изградено земјиште и согласно член 2 став 4 од Законот за градење-пречистен текст (Сл. весник на РМ бр. 70/2013, Службен весник на РМ” бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 103/2016, 132/2016 , 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020, 227/2022) и член 1, став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот, во смисла на овој закон урбаната опрема претставува опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, јавни санитарни јазли, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи, корпи за отпадоци, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи , паркинг за велосипеди и во функција на објекти на органите на државната управа и на објекти на општината , типски челичен столб за поставување на државно знаме, настрешници (засенувач за паркинг) фотоволтаични канделабри..

Доколку се појави потреба од други видови урбана опрема ќе бидат опфатени со

измена и дополна на оваа Програма.

1. Цел на Програмата

Со програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:
- Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Новаци;
- Естетско обликовните подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (продажба на весници, сувенири, цвеќиња);

2. Видови на урбана опрема

Според Законот за градење-пречистен текст (“Сл. весник на РМ” бр. 70/2013) урбаната опрема претставува опрема која се поставува на градежно изградено земјиште. Под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, јавни санитарни јазли, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи и паркинг за велосипеди во функција на објекти на органите на државната управа и на објекти на општината, типски челичен столб за поставување на државно знаме, настрешница (засенувач за паркинг) фотоволтаични канделабри .

Урбана опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.
Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

2.1. Критериуми за определување на видот на урбана опрема

За определување на типот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:
- Функционални критериуми како што се: намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста,
- материјални критериуми,
- финансиски критериуми.

Урбана опрема која се поставува на подрачјето на Општина Новаци треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење .
Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и да се обезбеди непречен пристап до истата или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5м.
Минималната висичина при поставување на чадори за сонце изнесува 2,4м а при поставување на настрешници тенди минималната височина изнесува 3.2м над слободната проодна површина.

Доколку површината за која се бара поставување на урбана опрема, е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштитата на културно-историското наследство, односно на природата.

Информативни паноа

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на општина , возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.
Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.
Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

Продажба на весници, сувенири, цвеќе, сладолед и храна

Површината на урбаната опрема во која ќе се врши продажба на весници, сувенири и сладолед да небиде поголема од 4,0м², а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0м².

Јавни санитарни јазли

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

Самостоечките рекламни паноа

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (“Службен весник на РМ” бр.54/07, 86/08,98/08 и 64/09)
Самостоечките рекламни паноа ќе се постават пред објектите на :
-Македонски пошти
- Општинската зграда
-Ветеринарна станица во Новаци,
-МКЦ Новаци,
-Спортското бифе Добромири
-Тениско игралиште во Добромири.

-Повеќенаменско игралиштево Горно Агларци
-Ракометно игралиште во Долно Агларци
-Ракометно игралиште во Далбеговци
-Фонтана во Рибарци
-Општинска сала во Гермијан
-Општинска зграда Бач
-Продавница во Живојно
-Продавниц Брод
-Општинска зграда во Старавина
-Продавница во Градешница

Опрема за забава на деца

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште), во близина на паркинг простор, а просторот се дава на краткотрајно користење до 30 дена.

Детски игралишта

Детски игралишта може да се постават на изградено и неизградено градежно земјиште со проект за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

Детското игралиште може да биде типско и во зависност од големината на површината истото може да се мултиплицира.

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.
Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на општината и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно потребите на Општина Новаци.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м х 1,2м за луѓето со хендикеп.
Корпите за отпадоци може да бидат поставени: слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Жардињери, граничници

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување

на времени објекти и урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.
Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0.80 м.

Паркинг за велосипеди

Паркинг за велосипеди во функција на објекти на органите на државната управа може да се постават на изградено и неизградено градежно земјиште со проект за поставување на урбана опрема погодно за таа намена.
-Паркинзи за веслосипеди ќе се постават на следните места:
-Пред општинската зграда во Новаци на дел од КП
- Пред зградата на МКЦ на КП бр.
-Пред објектот на Македонска пошта –Новаци на дел од КП бр.
-Пред Подрачните училишта во с. Рибарци, Бач, Гермијан, Живојно, Горно Агларци,
-Далбеговци и Добромири
-Спортската сала и повеќенаменското игралиште во Новаци
-Игротека ,, Бамби,, (детска градинка)

Типски челичен столб за поставување на државно знаме.

Типски челичен столб за поставување на државно знаме ќе се постави во Новаци на дел од КП бр. 2005/1 КО Новаци.

Настрешница

Настрешницата е лесен монтажно-демонтажен елемент кој се поставува на столбови кои ќе бидат прицврстени на подлогата (теренот).
При поставувањето на настрешници минималната слободна височина изнесува 3.2м
Настрешницата (засенувач за паркинг) ќе се постави на КП бр.2005/1 КО Новаци.

Фотоволтаични канделабри

Фотоволтаичните канделабри ќе се постават во с.Долно Агларци, Горно Агларци и Далбеговци.
Максималната висина на канделабрите е 3,50м.

2.2. Дејности кои можат да се вршат

Со урбаната опрема можат да се вршат дејности во согласност со член 2, став 4 од Закон за градење (“Сл.весник на РМ” бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 103/2016, 132/2016, 35/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020, 227/2022,).

3. Преглед на локации на потребна урбана опрема на територијата на Општина Новаци

Составен дел на програмата е табелата каде се дадени следните информации:

- нумерација на објектите;
- графички прилог за местоположба на урбаната опрема;
- КП каде се наоѓа урбаната опрема;
- површина;
- тип на урбана опрема;
- сопственост.

4. Начини и услови за поставување и одржување на урбана опрема

Согласно Закон за градење ("Сл.весник на РМ" бр. 130/09 и бр.124/10), урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува советот на општината Новаци.
Микролокациските услови претставуваат извод од графичкиот и текстуалниот дел на Програмата за поставување на урбана опрема во соодветен размер.

Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот прилог.

Точно позиционирање на урбаната опрема, го одредува овластен геодет од страна на општина Новаци.
Општина Новаци согласно Законот за градење –пречистен текст ("Сл.весник на РМ" бр.70/2013) води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистерот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Новаци, се врши врз основа на одобрение за поставување на урбана опрема.
Одобрението од став 1 на овој член го издава градоначалникот на општина Новаци.

Одобрението за поставување на урбана опрема, се добива врз основа на поднесено барање (формулар), кое се доставува заедно со комплетна документација и тоа:

I. За поставување на детски игралишта, јавни санитарни јазли, рекламни паноа
1. Извод од графичкиот прилог на програмата , со микролокациски услови
2. Основен ревидиран проект.

II. Клупи, чешми, фотоволтаични канделабри, корпи за отпадоци и останати видови на урбана опрема која не се однесува на вршење на дејност
1. Извод од графичкиот прилог на програмата со микролокациски услови.

III. Фонтани и водени басени
1. Извод од програма со микролокациски услови
2. Основен ревидиран проект.

Постапката по барањето ја спроведува надлежното Одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина на Општина Новаци (во натамошниот текст, надлежно одделение).

Надлежното одделение на општина врши увид на лице место и проверка на документацијата која се доставува во прилог на барањето.

5. Извори на финансирање на програмата

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци се финансира од буџетот на општината за 2023 година, буџет на РМ, донации, правни и физички лица.

5.1 Трошоци за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбана опрема

Трошоците за поставување, одржување, дислокација и отстранување на урбаната опрема паѓаат на товар на инвеститорот, физичко или правно лице.

6. Динамика на реализација на програмата

Динамиката на реализацијата на програмата ќе зависи од обезбедени финансиски средства, решени имотно-правни и технички услови.

7.Вршење надзор

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење – пречистен текст („Сл.весник на РМ" бр. 70/2013, Службен весник на РМ" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 18/2011, 36/2011, 49/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 103/2016, 132/ 2016, 135/2018, 64/2018, 168/2018, 244/2019, 18/2020, 227/2022 ,29/2015,).

8. Преодни и завршни одредби

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Новаци во соработка со Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина во Општината.

Во состав на оваа Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Новаци за 2023 година спаѓа и графички дел.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Новаци".

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК

за прогласување на Одлука за усвојување на Извештај - преглед, бр.05-319/3 од 20.04.2023 год., за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2022 г.

1. Се прогласува, Одлука за усвојување на Извештај - преглед, бр.05-319/3 од 20.04.2023 год., за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2022 година, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.04.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

08-374/2
27.04.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија,, бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци (’’Службен гласник на Општина Новаци’’ бр. 7/19), Советот на Општина Новаци, на седницата што ја одржа на ден 24.04.2023г. донесе:

ОДЛУКА

за усвојување на Извештај-преглед, бр.05-319/3 од 20.04.2023 год., за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2022 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Извештајот-прегледот, бр.05-319/3 од 20.04.2023 год., за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци, за 2022 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

14-359/5
24.04.2023 г.
Новаци

Претседател
Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2023 год.

1. Се прогласува, Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2023 год., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.04.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

08-374/3
27.04.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

(П Р Е Д Л О Г) П Р О Г Р А М А З А :

И З Г Р А Д Б А И О Д Р Ж У В А Њ Е Н А

ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ

ЗА 2023 година

Н О В А Ц И , април 2023 година

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 14 став 4 од Законот за јавни патишта („Службен Весник на РМ“ бр. 84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16, 174/21) и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Новаци (,,Службен гласник на Општина Новаци бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 24.04.2023 год. Ја донесе следната :

ПРОГРАМА

за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Новаци за 2023 год.

I. Со оваа Програма се утврдуваат обемот на работите и средствата за изградба , реконструкција и одржување на локалната патна мрежа (локлни патишта и улици) на подрачјето н а Општина Новаци за 2023 год.

II. Средствата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општината Новаци се утврдуваат како ;

ПРИХОДИ

1.Приходи од Јавното Претпријатие за државни патишта . . . . . .3.221.567,00 ден.

2.Приходи од Буџетот на Општина Новаци за 2023 . . . . . .5.577.887,00 ден

Вкупно за локални патишта и улици … 8.799.454,00ДЕН

Расходите се во висина на приходите и ќе се користат за следните намени :

1.Изградба. . . . . **: 7.249.454,00ден**

2.Зимско одржуавање 700.000,00ден

3.Проектна документација 550.000,00ден

4.Надзор. 300.000,00ден

ВКУПНО : 8.799.454,00 ДЕН

I.ИЗГРАДБА НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА ВО ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2022 год.

1. Изградба на локална улица во с. Брод Б=3,50м Л=300,00м

1.1.Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,50м	/м2/	1350,00	90,00	121.500,00
1.2 Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	270,00	1250,00	337.500,00
1.3 Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	1050,00	900,00	945.000,00
1.4 Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см (фрак 1,2,3) со д=6см	/м3/	18,00	1300,00	23.400,00

ВКУПНО : 1.427.400,00
ддв 18% : 256.932,00

СЕ ВКУПНО : 1.684.332,00

2. Изградба на локална улица во с.Грумази Б=3,00м Л=300,00м

2.Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,50м	/м2/	1350,00	90,00	121.500,00
2.2 Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	270,00	1250,00	337.500,00
2.3 Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	1050,00	900,00	945.000,00
2.4 Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см (фрак 1,2,3) со д=6см	/м3/	18,00	1300,00	23.400,00

ВКУПНО : 1.427.400,00
ддв 18% : 256.932,00

СЕ ВКУПНО : 1.684.332,00

3. Изградба на локална улица во с.Гермијан Б=3,00м Л=100,00м

3.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	400,00	90,00	36.000,00
3.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	80,00	1250,00	100.000,00
3.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	300,00	900,00	270.000,00
3.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,00	1300,00	7.800,00
			ВКУПНО :	413.800,00
			ДДВ 18% :	74.484,00
			СЕ ВКУПНО:	**488.284,00**

4. Изградба на локална улица во с. Бач Б=3,00м Л=100,00м

4.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	400,00	90,00	36.000,00
4.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	80,00	1250,00	100.000,00
4.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	300,00	900,00	270.000,00
4.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,00	1300,00	7.800,00
			ВКУПНО :	413.800,00
			ДДВ 18% :	74.484,00
			СЕ ВКУПНО:	**488.284,00**

5. Изградба на локална улица во с. Добровени Б=3,00м Л=100,00м

5.1Планирање и валирање на постоечки				
Тампониран или земјен коловоз,Б=4,о м	/м2/	400,00	90,00	36.000,00
5.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	80,00	1250,00	100.000,00
5.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	300,00	900,00	270.000,00
5.4.Изработка на банкина од дробен				
Камен од 50см со д=6см	/м3/	6,00	1300,00	7.800,00
			ВКУПНО :	413.800,00
			ДДВ 18% :	74.484,00
			СЕ ВКУПНО:	**488.284,00**

6. Изградба на локална улица во с. Рибарци (покрај тротоари) Б=1-1,50,00м П=450,00 м2

6.1Машински ископ на земја и тампон покрај троатоарите со д=25 см со Б= 1,0 до 1,50	/м3/	112,50	250,00	28.125,00
6.2.Набавка,транспорт и вградување на				
Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	90,00	1250,00	112.500,00
6.3.Набавка, транспорт и вградување				
Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	450,00	900,00	405.000,00
			ВКУПНО :	545.625,00
			ДДВ 18% :	98.213,00
			СЕ ВКУПНО:	**643.838,00**

7. Изградба на локална улица двор – Општински (задна страна) П=400,00 м2

7.1Машински ископ на земја и тампон општински двор задна страна со д=20 см со за површ. П= 400 ,00м1	/м3/	80,00	250,00	20.000,00
7.2.Набавка,транспорт и вградување на Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	80,00	1250,00	100.000,00
7.3.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	400,00	900,00	360.000,00
			ВКУПНО :	480.000,00
			ДДВ 18% :	86.400,00
			СЕ ВКУПНО:	**566.400,00**

8. Изградба на локална улица(паркинг кај Гробиштата) во с. Новаци Б=2,70м Л=150,00м

8.1Планирање и валирање на постоечки Тампониран или земјен коловоз,Б=3,о м	/м2/	405,00	90,00	36.450,00
8.2.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	405,00	900,00	364.500,00
8.3.Изработка на банкина од дробен Камен од 50см со д=6см и Л=150,00м	/м3/	4,50	1300,00	5.850,00
			ВКУПНО :	406.800,00
			ДДВ 18% :	73.224,00
			СЕ ВКУПНО:	**480.024,00**

9. Изградба на локален паркинг до училиште во с. Новаци за П=150,00 м2

9.1Машински ископ на земја во училишен двор задна страна со д=30 см и одвоз на земјата до депонија за површ. П= 175 ,00 м2	/м3/	52,50	250,00	13.125,00
9.2. Набавка, транспорт и вградување на Тампон-дробеник за паркинг со д=20см	м3/	35,00	1250,00	43.750,00
9.3.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 д=6см.	/м2/	150,00	900,00	135.000,00
9.4.Изработка на банкина од дробен Камен од 50см со д=6см и Л=42,5	/м3/	2,15	1300,00	2.795,00
			ВКУПНО :	194.670,00
			ДДВ 18% :	35.040,00
			СЕ ВКУПНО:	**229.710,00**

10. Изградба на локална улица во с.Г.Агларци (покрај тротоари) Б=1-1,50,00м со П=350,00м2

10.1Машински ископ на земја и тампон покрај троатоарите со д=25 см со Б= 1,0 до 1,50	/м3/	87,50	250,00	21.875,00
10.2.Набавка,транспорт и вградување на Тампон-дробеник за коловоз со д=20см	/м3/	70,00	1250,00	87.500,00
10.3.Набавка, транспорт и вградување Асфалт БНХС 16 , д=6см.	/м2/	350,00	900,00	315.000,00
			ВКУПНО :	424.375,00
			ДДВ 18% :	76.387,00
			СЕ ВКУПНО:	**500.762,00**

РЕКАПИТУЛАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА 2023 год.

1. **Изградба на локална улица во с. Брод 1.684.332,00**
2. **Изградба на локална Улица. Во с. Д.Ореово Грумази. 1.684.332,00**
3. **Изградба на локална улица во с. Гермијан 488.284,00**
4. **Изградба на локална улица во с. Бач. 488.284,00**
5. **Изградба на локална улица во с. Добровени 488,284,00**
6. **Изградба на локална улица покрај тротоари во с. Рибарци 643.838,00**
7. **Изградба на локален двор Општина комунално 566.400,00**
8. **Изградба на локална улица , паркинг кај гробишта Новаци 484.803,00**
9. **Изградба на локален пркинг на училшна улива во с. Новаци 220.135,00**
10. **Изградба на локална улица покрај тротоари во с. Г. Агларци 500.762,00**

ВКУПНО : 7.249.454,00

Со зборови: (седум милиони, двеста четириесет и девет илјади , четиристотини педесет и четири денари)

Член 1

Одделни позиции предвидени во ова Програма , можат да претрпат измени најмногу до 20% од планираното поради употреба на изведувањето на непходни дополнителни работи и довршување на конкретна ситуација

Член 2

Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во Општина Новаци за 2023 година, влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен Гласник на Општина Новаци.

Составил : Б. Бежановски дги
Новаци , април 2023 г

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.“ бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Новаци

1. Се прогласува, Програма за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Новаци, што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 24.04.2023 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Новаци“.

08-374/4
27.04.2023 г.
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Врз основа на член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја („Сл. весник на РМ“ бр. 66/04), член 36 ст.1 т.15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 точка 19 од Статутот на Општина Новаци ,,Службен гласник на Општина Новаци,, бр.7/ 2019) Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 24.04.2024 година донесе

П Р О Г Р А М А

за одбележување значајни настани и истакнати личности со спомен обележја за период од пет години во Општина Новаци

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа програма се реализираат активности од областа за подигнување, чување, одржување, заштита и користење на спомен обележја на значајни настани и личности од значење за Општина Новаци .

Средствата за реализација на оваа програма ќе се обезбедат дел од Општина Новаци, Министерство за култура, донации од правни и физички лица .

Член 2

Со Програмата особено се опфатени одбележувањето на;

-Позначајни културно-историски настани и личности од посебно значење за Република Македонија,

- Позначајни културно-историски настани и личности од посебно значење за Општина Новаци

- Одбележување со спомен обележја на настани и личности од посебно значење за Општина Новаци .

II. Одбележување на личности и настани од национално значење

Член 3

- 8-ми март-Меѓународен ден на жената
- 1 мај –ден на работникот
- 24 мај-денот на сесловенските просветители “Св Кирил и Методиј”
- 2 Август – Ден на Републиката
- 8 Септември –Ден на независноста
- 11-ти Октомври-Ден на народното востание
- 23 Октомври –Ден на Македонската Револуционерна Борба

- 8 Декември –денот на Св " Климент Охридски "

Ќе се одбележуваат и други настани и личности согласност со Годишните Програми за одбележување на настани и личности на Република Македонија

Одбележувањето на настаните и личности од став 1 на овој член ќе се врши во согласност со Годишните Програми за одбележување на настани и личности на Република Македонија.

III. Одбележување на личности и настани од значење за општина Новаци

Член 4

- 30 март -Празник на Општина Новаци
- 05-ти април одбележување на годишнина од смртта на истакнатиот револуционер и војвода од Илинденскиот период Ѓорѓи Сугарев
- 05-ти јуни-спомен по повод загинувањето на бранителите – Пеце Матичевски кај с.Гајре
- Јули - Мариовска буна од 1564 година-
- 21 септември црковно –народен собир во чест на верскиот празник Успение на Пресвета Богородица ,с.Новаци
- 4 Ноември 1944г-Ослободување на Новаци

IV. СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА

Член 5

Во наредниот петогодишен период ќе се подигне следното Спомен обележја;

-**Спомен обележје –Спомен плоча на 30 Мантуански војници загинати на ридот на кота 1050 во Прва Светска Војна**.

Член 6

IV/1.Спомен обележје

Спомен обележје-Спомен плоча на 30 Мантуански војници загинати на ридот на кота 1050 во Прва Светска Војна.

Спомен обележје-Спомен плоча на 30 Мантуански војници загинати на ридот кота 1050 во Прва светска Војна се подига во честа на овие војници .

За време на Првата Светска Војна на кота 1050 кај Мегленци се воделе едни од поважните битки на македонскиот фронт затоа што ова е едно од поважните стратешки позиции на самиот фронт . Во овај фронт се бореле војници од најразлични државни (Германија, Франција, Италија, Србија) . Во периодот од 1916/1917 година дошло до стагнација на македонскиот фронт при што се преминало кон робовско војување и реорганизација на сојузничките војски . Овај дел од фронтот

односно локацијата 1050 бил распределен на италијанската војска. Италјанската војска дејствувала во составот на француската источна армија со 35- та италјанска пешадиска дивизија на чело со генаралот Пепито Ди Рорето со приближно 30 000 војници . Во месец Мај 1917 година сојузничките сили повторно направиле безуспешен обид да ја освојат кота 1050 по што италијанската девизија загубила 68 офицери и 2149 војници.

Иницијативата е поднесена од професор PHP Fabio Kotifava историчар , истражувач и проектен менаџер на проектот " Armata d'oriente" во насока на промоција на македонскиот фронт 1916 - 1918.

Трошоците околу изработката на плочата ќе ги сноси асоцијацијата Хуманост од Манотва Италија . Плочата ќе биде со бела боја со димензии 30/40см со испишан текст во црна боја :

" Во спомен на 30 Мантуански војници загинати на
Ридот на Кота 1050.
Мај 1917-Мај 2023

Текстот ќе биди на Италијански и македонски јазик, а доколку има место на плочата и на англиски јазик.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 8

За реализирање на оваа Програма, ќе се донесат посебни Годишни програми, одлуки, решенија и други акти со прецизни детали и рокови за реализација.

Член 8

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Новаци,, .

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

